Бр./Nr 12-4457/1

30-12-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019),член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител – физичко лице, на 45-та седница, одржана на ден 29 Декември 2020 година донесе

**О д л у к а**

Пријавата за корупција бр. 12- 3330/1 од 27.06.2019 година на подносителот ------------------------ од -----------------------------, преку адвокат --------------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност – нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3330 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12- 3330/1 од 27.06.2019 година.

Предметот со број 12-3330 од 2019 годи да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12 - 3330 од 2019 година е оформен врз основа на добиена пријава бр. 12-3330/1 од 27.06.2019 година, од познат подносител - физичко лице, --------------------- од -------------- преку адвокат -----------------------------, со познати адресни податоци.

Со пријавата се изнесува тврдење дека на подносителот/властодавецот на адвокатот ----------------- му е нанесена штета, односно дека на негова штета се повредени Законот за парнична постапка, Законот за судовите, Законот за извршување и др.

Од содржината на пријавата, која е обемна, но е сочинета од фрази и правни толкувања, произлегува дека подносителот бил странка осомничен, а потоа и огласен за виновен за прекршок за кој му била определена глоба, од страна на надлежниот основен суд.

Како што наведува полномошникот - предметот , спротивно на позитивните прописи, наместо да биде даден на постапка за извршување бил даден на --------------------------, иако во тек на постапката била утврдена застареност на побарувањето, а и доставата на дел од актите била неуредна.

Имено, од содржината на пријавата произлегува дека бил оформен граѓански предмет и дека ------------------------, но се истакнува дека --------------------------------------------------. Воедно, произлегува и дека подносителот како странка во таа постапка вложувал правни средства – приговор за неправилности при извршувањето - до Претседателот на ------------------------, дека поднел предлог за противизвршување,

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

како и дека користел право на жалба. Во контекст на ова има и наводи против постапувањето на Апелациониот суд во -----------------, во смисла дека неосновано одлучувал за два предмети во единствена постапка.

Освен наводите на полномошникот/ адвокат како прилог не е доставен ниту еден документ за потврда на случајот, иако се спомнуваат броеви на судски предмети – ---------------------------------------------------------------------------.

Од пријавата е видно дека истата, едновремено со Државната комисија, е доставена и до Судскиот совет на РСМ.

Врз основа на сите околности и на податоците кои се содржани во предметната пријава Државната комисија за спречување на корупцијата, утврди дека истата не упатува на злоупотреба на службената положба и овластувањата од страна на службени лица/ избрани и именувани, за остварување на корист, директно или преку посредник за себе или за друг од аспект на надлежностите на Државната комисија за спречување на корупцијата, односно истата не содржи елементи за надлежно постапување на Државната комисија согласно со членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Дејствувањето на судиите во предметот/предметите на кои се однесува пријавата може евентуално да биде предмет на оценка на постапување на друг надлежен орган во Република Северна Македонија, - Судскиот совет на РСМ, до кој според самата пријава истата е веќе доставена.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 29 Декември 2020 година под број 12 - 4457 / 1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: К.Н, Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот